РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-1889/2
25.06 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 став 2, а во врска со член 185 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08 и 26/09) и член 220 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05 и 110/08), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивањето на Решението за акредитација на Проектот за основање на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје од страна на Одборот за акредитација број сл. 12 од 11.03.2008 година и по добивањето на привременото решение за почеток со работа бр. 12-3691/3 од 30.06.2008 година од страна на Министерот за образование и наука, Основачот се обрати до Министерството за образование и наука со барање бр. 03/25 од 25.12.2008 година за остварување увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје.

По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај број 12-1889/2 од 12.06.2009 година до Министерот за образование и наука за исполнетост на условите за почеток со работа на Високата школа за новинарство и односи со јавноста во Скопје согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Перо Стојановски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**